Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Службен весник на Република Македонија" бр.10/97, 54/97, 13/01, 2/02 и 54/07) а во врска со член 164 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11 и 148/11), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.01.2012 година, издаде

# ЛИЦЕНЦА
## за постојано приредување на посебни игри на среќа во играчница (казино)

1. Лиценца за постојано приредување на посебни игри на среќа во играчница (казино) се издава на Друштвото за производство, услуги и трговија "МУСУРА ИНВЕСТМЕНТ" ДООЕЛ експорт - импорт Стар Дојран за време од 6 (шест) години.

2. Приредувањето на посебните игри на среќа во играчница (казино) ќе се врши во играчницата (казино) што се наоѓа во хотел "Ројал" на ул."Маршал Тито" бр.17 во Стар Дојран.

3. Во играчницата (казино), корисникот на лиценцата за приредување на посебните игри на среќа, ќе постави 90 автомати за игри на среќа, 1 автомат за игри на среќа на кој истовремено учествуваат повеќе играчи (електронски рулет), 4 маси за американски рулет, 4 маси за блек џек и 2 маси за медитерански покер.

Уплатата и добивките во играчницата ќе се вршат во домашна или странска валута.

4. Корисникот на Лиценцата е должен да плати надоместок за Лиценцата кој изнесува 520.000 евра, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата и тоа:

- 50% од износот, 260.000 евра, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија да уплати на денот на доделувањето на Лиценцата и

- остатокот од 50% во еднакви годишни рати, најдоцна до 30 јануари во тековната година за секоја година додека трае Лиценцата, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата.

Уплатата на средствата од алинеите 1 и 2 на оваа точка се вршат во Буџетот на Република Македонија на Трезорска сметка 100000000063095, уплатна сметка број 840-62207, приходно конто 718113, програма 00 и банка на примачот: Народна банка на Република Македонија.

Потврдата за уплатениот износ од алинеја 1 на оваа точка корисникот на Лиценцата ја доставува до Министерството за финансии.

Корисникот на Лиценцата ги доставува до Министерството за финансии и потврдите за уплатените годишни рати, од алинеја 2 на оваа точка.

5. Лиценцата корисникот не може да ја пренесе.

6. Доколку од страна на корисникот на Лиценцата не биде платен надоместокот за плаќање на Лиценцата од точка 4 алинеите 1 и 2, Лиценцата се одзема.

7. Корисникот на лиценцата е должен претходно да побара одобрение од Министерството за финансии за секоја промена на основната главнина поголема од 20% и за идентитетот на лицата кои се сопственици на трговското друштво.

8. Корисникот на Лиценцата со право на приредување на играта на среќа за која е издадена Лиценцата, се стекнува по уплатата на првиот дел од надоместокот за плаќање на Лиценцата утврден во точка 4, алинеја 1.

9. Оваа лиценца се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

**Бр.51-8020/1-11**
**23 јануари 2012 година**
**Скопје**

09. 02. 2012

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Никола Груевски**